


Во нашата јавност е малку познато дека, за разлика од денес, бугарските весници од околу илинденскиот период отворено ја напаѓале македонската национална дејност на легендата на македонската револуционерна борба Гоце Делчев. Да потсетиме на неговата изјава:

*„Оној што сака да работи за присоединување на Македонија кон Бугарија, Грција или Србија, тој може да биде добар Бугарин, добар Грк, или добар Србин, но не и добар Македонец“.*

Оваа, како и другите изјави на Гоце Делчев не останале неза-бележани од тогашната бугарска јавност. Поради ваквите свои ставо-ви тој бил напаѓан во Бугарија. Дури некои тогашни бугар-ски весници и цели две години по смртта на Делчев се уште го напа-ѓале неговиот лик и неговата македонската нацио-нална дејност. Како пример за ова ќе цитираме извадок од статијата објавена во софискиот весник „*Ре-фор-ми“,* а пренесена и во в. „*Свобо дно слово“* од 1905 година (преземени од истражувачката дејност на академик Блаже Ристовски, кому му го посветуваме овој текст). Еве што објавиле бугарските весници од 1905 година за Гоце Делчев:

*„Делчев навистина почна да се замислува дека е вистински гос-подар на македонското дело и дека неговата волја треба да биде вр-ховна волја. И подоцна почнаа да течат од неговата уста поз-на-тите фрази, како онаа: „**Додека моето рамо ја носи пушката, ниту еден бугарски офицер не смее да стапне во Македонија! Гра ницата е плот од штикови, чии острици се насочени кон градите на офи це рите.** ” Неговите богато плаќани агита-тори и писатели трубат по весниците дека кон границата трчаат густите редови на огор-чената македонска народна моќ и дека прес-тол--нината нас-коро ќе се претвори во касапница...“*

Ова преставува неспорен доказ за крајно негативното располо-жение на добар дел од тогашниот бугарски печат кон апостолот на македонското ослободително дело Гоце Делчев. Дури подоцна, откако го сфатија неговиот углед меѓу Македонците, Бугарите почнаа да се напрегаат да докажат дека тој бил „*Бугарин“*. Инаку, овие тогашни --бу-гарски на-пади денес се кријат од пошироката јав-ност во Бугарија за што понекогаш дури се користи и бугарската полиција. Имено, во 1996 година, текст под наслов „Бугарските весници од 1905 година ја напаѓале македонската национална дејност на Гоце Делчев“ испратив за објавување во македонскиот весник „Народна волја“ од Благоевград со кој тогаш тесно соработував. Бугарската полиција некако дознала за тоа и непосредно пред излегувањето на весникот, извршила упад во просториите на редакцијата, барајќи да го заплени тој текст. Но, за среќа, весникот веќе бил отпечатен, па набргу се најде во јавноста (заедно со мојот текст), а бугарските полицајци останале со празни раце. За овој скандал уште тогаш објавија и нашите медиуми, а јас во интервју за Првата програма на МТВ искажав јавна благодарност до бугарските полицајци за покажаниот интерес кон мојот текст.

На крајот да спомнеме дека, според истражувањата на академик Блаже Ристовски, гоцевиот весник „*Дело“* уште во 1902 година неретко излегувал со статии против сите пропаганди во Македонија (вклу-чувајќи ја и бугарската), која посебно се одвивала преку Егзархијата.



**Александар Донски**